## Упатство за подготовка на пациентот со Макрогол 4000 за дијагностичка или хируршка интервенција

**Интервенција** **Датум и час: ___________**

- **Колоноскопија**
- **Ректоскопија**
- **Иригиграфија**
- **Ехо дијагностика на абдомен**
- **Хируршка интервеција**

**Препорачана диета за деновите пред прегледот (3 дена):**

***<u>Дозволена храна и пијалок:</u>*** пире од компир или пудинг подготвени само со вода, варен ориз, мед, слатко. Препорачливо е да се земаат што повеќе течности: бистра супа, (процедена од тестенината), бистар сок од јаболка, чај, негазирана или газирана минерална вода (до 4 литри).

***<u>Забранета храна или пијалок:</u>*** месо и месни продукти, зеленчук, овошје, млеко и сирење. Сок од боровинки и други обоени кашести сокови.

**Подготовката започнува еден ден пред закажаниот преглед:**

- **Ден пред преглед:** од 20-22 часот да се раствори 2 ќесички прашок **Макрогол 4000** во 2 литри вода и да се испие.
- **На ден на преглед (утрото):** од 05-07 часот да се раствори 2 ќесички прашок **Макрогол 4000** во 2 литри вода и да се испие.

*Важни напомени:*

- Пациентите кои имаат нередовна столица (3-4 дена без спонтана столица) два дена пред подготовката да спроведуваат диетен режим и да пијат лаксативни чаеви два пати дневно.
- Пациентите кај кои интервенцијата ќе се изведува со анестезија, треба да престанат со внесување на храна и течности најмалку 8 часа претходно.
- Пациентите кај кои се спроведува дијагностичка интервенција ректоскопија или ехо на абдомен дозата на препаратот **Макрогол 4000** да ја намалат на половина.
- Пациентите кои примаат редовна хронична терапија (за срце, притисок и сл.) на денот на прегледот да ја земаат утринската доза на лекот со вода. Пациентите кои земаат препарати на железо, истите да ги прекинат 7-10 дена пред прегледот.
- На денот на подготовката е дозволено да се земаат чај, негазирана или газирана вода или бистар сок од јаболки во мали количини.

*Почитувани пациенти, во Ваш интерес е да ги почитувате препораките за диета и подготовка, се со цел за побрза и поефикасна интервенција.*